Уп. бр. 08-5

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. (ENVOLED INVESTMENT L.L.C) со седиште во канцеларија 3001-6 од 99 скфт, зграда Тамим Хаус, бизнис центар Сорп, 30-ти кат, Дубаи, ОАЕ, преку Методија Велков, адвокат од Авокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 04.02.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. (ENVOLED INVESTMENT L.L.C со седиште во канцеларија 3001-6 од 99 скфт, зграда Тамим Хаус, бизнис центар Сорп, 30-ти кат, Дубаи, ОАЕ *има намера да стекне самостојна контрола директно* над БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД (BITAR HOLDINGS LIMITED), со регистрирана адреса на Цхрусантхоу Мулона, 1 Панагидес Буилдинг, спрат 1, канцеларија 9, Агиа Зони, 3030 Лимассол, Кипар по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 31.12.2025 година, а дополнето на 12.01.2026 година и на 22.01.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. (ENVOLED INVESTMENT L.L.C со седиште во канцеларија 3001-6 од 99 скфт, зграда Тамим Хаус, бизнис центар Сорп, 30-ти кат, Дубаи, ОАЕ, со која ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. *има намера да стекне самостојна контрола директно* над БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД (BITAR HOLDINGS

LIMITED), со регистрирана адреса на Цхрусантхоу Мулона, 1 Панагидес Буилдинг, спрат 1, канцеларија 9, Агиа Зони, 3030 Лимассол, Кипар по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Регистрираната примарна дејност на ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. е инвестирање во трговски друштва и управување.

ЕНВОЛЕД ИНВЕСТМЕНТ Л.Л.Ц. нема регистрирани поврзани друштва ниту подружници во Република Северна Македонија.

Примарната деловна активност на БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД како холлдинг компанија е инвестирање во трговски друштва и управување.

Во Северна Македонија, БИТАР ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД има седум регистрирани зависни друштва:

Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД-Скопје со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со регистрирана дејност – производство на електрична енергија од необновливи извори на енергија. Друштвото поседува лиценци за вршење енергетски дејности, како што следува:

- Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на топлинска и електрична енергија во постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија ( оваа лиценца активно ја користи)
- Лиценца за вршење енергетска дејност снабдување со електрична енергија (оваа лиценца никогаш не ја користело)
- Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со природен гас ( оваа лиценца не ја користи повеќе од 3 години) и
- Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија (оваа лиценца активно се користи).

- Друштво за производство, промет и услуги ТЕ-ТО ГАС ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 515 бр.8, Скопје, Северна Македонија, со регистрирана дејност – трговија на гас преку дистрибутивните системи. Друштвото не е комерцијално активно.
- Друштво за инвестиции, производство, трговија и советодавни услуги БАЛКАН ЕНЕРЏИ ГРУП АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со регистрирана претежна дејност – дејности на советување во врска со работењето и останато управување;
- Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров

бр.8, Скопје, Северна Македонија, со регистрирана претежна дејност – снабдување со пареа и климатизација. Друштвото не е комерцијално активно

- Друштво за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со регистрирана претежна дејност - снабдување со пареа и климатизација. Друштвото нема лиценца за снабдување со топлинска енергија и врши само наплата на стари побарувања од корисници на централно греење;
- Друштво за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Тодор Александров бр.8, Скопје, Северна Македонија, со регистрирана дејност – снабдување со пареа и климатизација. Друштвото не е комерцијално активно;
- Друштво за обезбедување БАЛКАН ЕНЕРЏИ СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со регистрирано седиште на ул. 515 бр.8, Скопје, Северна Македонија,, со регистрирана дејност – работи на јавниот ред и безбедноста. Друштвото е во постапка на ликвидација и не комерцијално активно.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**